# ИЗМЕНА НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС И ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ КАЛИН КАМЕН КРИВА ПАЛАНКА

## ЗА 2023 ГОДИНА

Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ - Крива Паланка е основано заради вршење дејност од јавен интерес. Основано е од страна на Советот на Општина Крива Паланка и истото постои од 2009 година.

Претпријатието како приоритетна дејност под кое е регистрирано е “Изградба на патишта и автопати” но во својот делокруг на работа ги извршува и следниве дејности:

1. Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
2. Трговија на гас преку дистрибутивните системи
3. Снабдување со пареа и климатизација
4. Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
5. Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
6. Складирање на стока
7. Електоинсталатерски работи
8. Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Сите горенаведени дејности се усогласени со националната класификација на дејности и се запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со одлука на Совет на Општина Крива Паланка а потоа и со договор помеѓу Општина Крива Паланка и ЈП Калин Камен – Крива Паланка, на претпријатието му е отстапено правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка.

Во месец Октомври 2022 претпријатието склучи договор со универзалниот снабдувач за електрична енергија ЕВН Хоме со кој броилата од категорија LV1.1 за електрична енергија од јавното осветлување се префрлија на ЈП Калин Камен Крива Паланка.

Со одлуката на Влада на Република Северна Македонија, во Декември јавното осветлување беше вратено на Општина Крива Паланка.

Измената на програмата за работа на ЈП Калин Камен Крива Паланка, а по претходно евентуална добиена согласност од страна на Советот на Општина Крива Паланка, предвидува активности за организирање и начин на наплата на јавните паркиралишта и површини од значење за Општина Крива Паланка, наменети за паркирање на возила односно сообраќајот во мирување, согласно условите и потребите на граѓаните, со цел во централното градско подрачје да се обезбеди побрз проток на сообраќајот по клучната сообраќајна улица Св. Јоаким Осоговски. Решавањето на паркирањето во централното градско подрачје ќе биде во согласност со усвоеното решение за зонско паркирање.

По денесување на одлука за изменување и дополнување на одлуката за времено уредување на јавни површини на подрачјето на градот, одлука за изменување број 09-3718/29 од 30.09.2022 ,со која изградбата, одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, како и техничките и организациските работи, наплатата и надзорот над

паркирањето на возилата и останатите работи ќе го врши јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка. Програмата на ЈП Калин Камен предвидува уредување на јавните површини за зонско паркирање согласно основниот сообраќаен проект и проектот за зонско паркирање.

Со воведување на зонското паркирање се очекуваат следниве резултати:

-поголем ред на сообраќајот во мирување во централното градско подрачје;

-искористување на сите расположиви паркинг места на јавните прометни површини,

-решавање на проблемите со паркирање на станарите на колективните станбени згради во централното градско подрачје по прифатливи цени, кои заради тенденцијата на граѓаните да се паркираат во строгиот центар немаат сопствени паркинг места;

- Непречено одвивање на сообраќајот на главната улица.

Наплатата на зонското паркирање, ќе се врши согласно Ценовник на ЈП Калин Камен Крива Паланка, со претходна добиена согласност од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Развојни активности на зонско паркирање за 2023 година**

Покрај тековното организирање на зонското паркирање, претпријатието ќе се обиде за да го зголеми капацитетот на зоните од 223 моментално расположливи паркинг места со цел да им се олесни паркирањето на станарите од колективните станбени згради, кои воглавно немаат расчистени имотно правни односи, или се во приватна сопственост или се државен имот и немаат статус на јавни паркинг простори. Овие простори, во консултација со станарите можат да бидат уредени како паркинг места за резиденти. На тој начин ќе се намали хаосот во паркирањето што се случува во моментов пред самите згради, каде несовесните возачи најчесто ги узурпираат ги оставаат своите возила на паркинзите пред колективните станбени згради, со што се отежнува и секојдневниот живот на станарите.

Покрај проширување на зоните ЈП Калин Камен ќе ги изготви сите правилници со кои ќе се регулира зонското паркирање, ќе ја постави вертикалната и хоризонталната инфраструктура за зонското паркирање (поставување на столбовите и информативните табли како и одбележување на паркинг местата), ќе ја набави основната инграструктура за функционирање на претпријатието како компјутери, електрични тротинери за вработените за полесна контрола на наплатата, блокатори за тркала, информативни табли итн, опишани во финансискиот план. Во делот на софтвер за евиденција на плаќањето од паркинг услугата, ќе се спроведе јавна набавка за компанија преку која ќе се врши евиденцијата. Договор ќе се склучи со економскиот оператор кој ќе ги исполни потребните барања на претпријатието и ќе понуди најниска маржа како процент од приходите од паркинг услугата.

Претпријатието ќе работи и на обезбедување на тротоарите на улиците со поставување на столбчиња со цел ослободување на тротоарските површини заради безбедно движење на пешаците. Посебен акцент при постаување на столбчињата ќе се даде на местата каде има крстосници а со тоа и зголемена непрегледност при вкрстување на возилата во сообраќајот.

**Специјално возило-„пајак“**

За да се воспостави ред во сообраќајот во мирување, како и да се зголеми ефикасноста и контролата на сообраќајот неопходно е користење на специјално возило „Пајак“. Специјалното возило „Пајак“ служи да ги отстранува непрописно запрените и паркирани возила на јавните прометни површини како и од самите јавни паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање во случај на нерегулирано паркинг место. ЈП Калин Камен како организатор на паркирањето специјално возило „Пајак“ ќе го набави од правни лица кои имаа таков тип на возило, по пат на јавна набавка. Паралелно со тоа, со овластување од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка обезбеден ќе биде специјално опремен простор за сместување на отстранетите возила (депо за отстранети возила),

Пајак службата ќе работи во согласност и соработка со МВР Крива Паланка и комуналната инспекција, со што ќе се обезбеди побрз и поефикасен проток на сообраќајот во градот.

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН**

Планираните приходи за оперативно работење на ЈП Калин Камен – Крива Паланка за 2023 година се:

| | **Приходи** | **Сума** |
|---|---|---|
| | Приходи од паркинг | 1.640.000,00 |
| | Приходи од Пајак служба | 360.000,00 |
| | Приходи од Општина Крива Паланка | 2.000.000,00 |
| | **Вкупно** | **4.000.000,00** |

Планираните расходи на ЈП Калин Камен – Крива Паланка се:

| | **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **Сума** |
|---|---|---|
| | Бруто плата | 583.000,00 |
| | Услуги за агенција за привремени вработувања | 1.600.000,00 |
| | Сметководствени услуги | 40.000,00 |
| | Гориво за моторни возила | 150.000,00 |
| | Телефонски услуги и интернет | 40.000,00 |
| | Консултантски услуги | 45.000,00 |
| | Огласи и објави | 10.000,00 |
| | Други трошоци | 60.000,00 |
| | **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **2.528.000,00** |
| | | |
| | | |
| | **КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ** | |
| | Набавка на електрични тротинети (2) | 90.000,00 |
| | Набавка на електричен скутер (1) | 80.000,00 |
| | Набавка на блокатори за паркинг служба (25) | 100.000,00 |
| | Набавка на уреди за греење и ладење (1) | 35.000,00 |
| | Набавка на канцелариски инвентар | 60.000,00 |
| | Набавка на фискални каси (4) | 60.000,00 |
| | Набавка на принтери (2) | 50.000,00 |
| | Набавка на компјутери (3) | 100.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ** | **575.000,00** |
| | | |
| | | |
| | **ОСТАНАТИ ИНВЕСТИЦИСКИ ТРОШОЦИ** | |
| | Набавка на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација | 320.000,00 |
| | Фолии за вертикална сигнализација | 50.000,00 |
| | Набавка на работни униформи и ХТЗ опрема (12) | 100.000,00 |
| | Канцелариски материјал | 20.000,00 |
| | Легитимации (20) | 2.000,00 |
| | Набавка на рефлектирачки заштитни столбчиња (300) | 180.000,00 |
| | Останато | 60.000,00 |
| | **ВКУПНО ОСТАНАТИ ИНВЕСТИЦИСКИ ТРОШОЦИ** | **732.000,00** |
| | | |
| | **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИСКИ ТРОШОЦИ** | **1.307.000,00** |
| | | |
| | **Вкупно капитални + инвестициски + оперативни трошоци** | **3.835.000,00** |
| | | |
| | | |
| | | |

**ЈП Калин Камен –Крива Паланка**

**В.Д Директор,**
**Јорданчо Миневски дипл. економист**